**20191271848**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГИЈА ЗА 2019 ГОДИНА

1. Со оваа програма престанува да важи Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр.246/18).

2. На корисниците кои поднеле барање за остварување на надоместокот за субвенција за потрошена енергија до денот на влегување во сила на оваа програма и приложени сметки за платена електрична енергија или централно греење заклучно со мај 2019 година, односно платена сметка (фискална сметка и сметкопотврда) за останатите енергенси (огревно дрво, јаглен и екстра лесно масло за домаќинство/нафта за домаќинство) заклучно со денот на влегувањето во сила на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19), а на кои не им е извршена исплата, ќе се изврши исплата согласно Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 246/18).

Исплатата на средствата од став 1 на оваа точка ќе се врши од Буџетот на Министерство за труд и социјална политика – Раздел 15001, Потпрограма 50, ставка 464.

3. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4438/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.